Search
Dimitri Home Create

**Emilija Dzipunova**
28 November 2018 ·

РеПЛАТФОРМА
Современ танцов проект, како дел од едукативната програма за студентите од Академијата за балетска педагогија-одсек за современ танц, при ФМУ-УКИМ и циклусот од соработката на проф. Др. Искра Шукарова со познати уметници-кореографи и предавачи од светот,во изминатава, веќе,година, реализирани се и презентирани пред љубителите на современиот танц во Македонија, неколку перформативни проекти. „ПРОЕКТОТ М„во соработка со Грегор Каминикар од Словенија, изведена во фоајето на МОБ, „ЧУДНА ШУМА„ два пати-премиерно и репризно на малата сцена при Македонската филхармонија во соработка со Урсула Реагли од Соединетите Американски Држави. За еве неодамна го имавме тоа задоволство да бидеме сведоци на уште еден перформативен чин, реализиран во преддворието на ФМУ. На еден сублимат од повеќедневното работење, во танц работилницата, на Чарлс Снендер- Вајт и Лијан Бурнес кореографи од САД, со студентите од катедрата по современ танц на горе наведената Академија и Факултет.
Имено станува збор за кореографско дело насловено како „РеПЛАТФОРМА„.
Дело инспириранои работено врз албумот на Холи Херндон, кој пак им бил рамка за нивниот поодамна реализиран современ дуетен танц, чија основна идеа е преку процесот на работењето да ги испитаат релациите помеѓу луѓето и дигиталниот простор. Односно релациите произлезени од алгоритмите креирани при самиот процес на преспитувањето.
Таквиот процес на работење со студентите несомнено го поттикнува нивниот внатрешен порив и енергија. Стимулација и хармонизирање на индивидуалното и креативно изведувачко умеење на слободното танцово движење. Мошне впечатливо тоа и ни го презентираа во скалестите простори од предворијата на ФМУ и МБУЦ-Илилија Николовски-Луј.
Емилија Џипунова



Iskra Sukarova and 27 others 5 shares

Like Comment Share

Write a comment...

Friend Requests See all
Zoki Mihajlovski
9 mutual friends
Confirm Delete
Denis Najdoski
25 mutual friends
Confirm Delete
Predrag Ilieski
2 mutual friends
Confirm Delete

English (UK) · English (US) · Македонски · Ελληνικά · Deutsch

Privacy · Terms · Advertising · AdChoices · Cookies · More
Facebook © 2019

Confirm Delete
Chat